**Прашање и одговор**
**поврзани со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Службен весник на РМ“ бр. 24/18)**

**Датум на објавување: 7.8.2018 година**

**Прашање:** Дали обврската за доставување на информациите и податоците до Народната банка согласно со точката 67 став 1 алинеја 2 од Одлуката се однесува на изјавите согласно со членот 100 став 1 или на изјавите согласно со членот 100 став 6 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16)?

**Одговор:** Обврската за доставување писмена изјава за постоење судир на интересите дадени од лицата со посебни права и одговорности во банката, согласно со точката 67 став 1 алинеја 2 од Одлуката, се однесува на изјавите за постоење или непостоење судир на интереси предвидени со одредбите од членот 100 став 1 и став 6 од Законот за банките.